НОВА МАКЕДОНИЈА

# Пензионерски видици

ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година II
број 20
2-3 Септември
2006 год.



## Јубилеј

Во текот на овој месец Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со низа пригодни манифестации ќе ја одбележи 60 годишнината на пензионерското организирање. Во 1946 година, на 20 септември беше донесен првиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, по чии одредби во пензија заминаа и првите македонски пензионери, што беше повод споменатиот датум да биде прогласен за ден на пензионерите во Македонија.

Во текот на септември се очекува богата активност во Здруженијата на пензионерите во нашата држава, со пригодно одбележување на овој ден, а во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 9 септември ќе се одржат XI Републички пензионерски спортски натпревари, овој пат во "Агроплод" - Ресен, автокамп "Крани" на брегот на Преспанското Езеро.

XI РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ
СЗПМ
Натпреварите ќе се одржат на брегот на Преспанско езеро
АК КРАНИ
09.09.2006 г.
"АГРОПЛОД"
РЕСЕН

Свеченото отворање на оваа значајна спортска пензионерска манифестација ќе биде во 10 часот, со поздравни говори на претседателот на СЗПМ, на градоначалникот на Ресен и на претставникот на покровителот - Стопанската банка а.д. Скопје.

Пензионерите ќе се натпреваруваат во тегнење јаже, фрлање ѓуле, стрелаштво, пикадо, трчање, скок од место, шах, табла и домино. Во 11 часоте предвиден е прием кај градоначалникот на Ресен Димитар Бузлевски, а во 13.30 часот објавување на резултатите од натпреварите, по што ќе се одржи заеднички ручек.

Во текот на овој месец Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ќе организира и две републички ревии, на 22 септември во Струмица и 29 септември во Прилеп, на кои со песна, игра и музика ќе се претстават вкупно 25 здруженија на пензионери од нашата земја.

Сето тоа ќе мине во знакот на јубилејот, а со екскурзии до познати историски места, со дружење, соработка и верба во подобро утре пензионерите ќе го одбележат и 8 септември - Денот на осамостојувњето и независноста на Република Македонија.

**Д.Аргировски**

### 60 ГОДИНИ НА ПЕНЗИОНЕРСКАТА ОГАНИЗАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

# Значајни постигнале и актуелизирање на проблемите



Годинава, на 20 септември, пензионерите во Македонија ја одбележуваат 60 годишнината на пензионерската организација. Здруженијата на пензионерите, секое на својствен начин, ќе го одбележат 20 септември. До крајот на годинава јубилејот пригодно ќе биде одбележан и од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Годишнините, обично се одбележуваат со потсетување на постигнатите резултати во изминатиот период, но не се заобиколуваат ни потешкотиите во остварување на целите на организацијата.

**Во изминативе години од последното свечено одбележување на 20 септември во 1996 година здруженијата на пензионерите одделно, и здружени заедно во СЗПМ, задоволни се што можат да констатираат дека во оваа пензионерска асоцијација постигнале напредок во повеќе области утврдени како цели во нивните програми и статути.** Продолжи континуитетот на постоење на заедничките фондови за давање отпремина на семејствата на починатите корисници на пензија. Се договорија на ниво на Сојузот секој член на здружение на пензионери да одделува по 120 денари секој месец при исплатата на пензијата. Средствата наменски да се користат, а висината на отпремнината да зависи од стапката на смртноста на членовите на годишно ниво. Средствата имаат солидарен карактер - секој уплатува додека е жив во заедничкиот фонд. Постапката на задршката од пензиите од страна на ФПИОМ иако не е уредена со Закон, создадени се правни односи со склучувањето на Спогодба со Фондот. Ова е поддржано од сите пензионери и претставува уникатен случај во земјите од поблиското, а и од подалечното опкружување.

**Пензионерските спортски натпревари кои за прв пат се одржаа во 1995 година, од година во година привлекуваат се поголем број пензионери, збогатувајќи ја програмата со нови дисциплини.** На првите спортски пензионерски натпревари учествуваа стотина пензионери во три дисциплини, а годинава се очекува тој број да изнесува 351 натпреварувачи во 9 дисциплини. Секоја година по одржаните натпревари Сојузот издава мошне добро технички опремен "Билтен" во кој се прикажани сите учесници во секоја од дисциплините. Задоволство е да се констатира дека аксиомата "во здраво тело здрав дух" не ги одминува ни пензионерите кои имаат афинетитет за некоја од 9-те дисциплини. Овие спортски пензионерски игри претставуваат идеална форма за дружење и забава на учесниците на игрите.

Во изминатата деценија се збогатија формите на дружење и забава на пензионерите. Во 2003 година во Пробиштип се одржа ревија на музика, песна и игри, на која учествуваа 9 здруженија со свои ансамбли. Оваа прва ревија прерасна во традиционална манифестација која од година во година е се помасовна. На годинашните три регионални ревии учествуваа 25 здруженија со свои групи. А во септември ќе се одржат две завршни ревии во Прилеп и Струмица

Културно забавните самодејности на корисниците на пензија не се исцрпуваат само со ревиите на ансамбли и групи на песна, игра и музика. Голем број пензионери пишуваат поезија, сликаат, изработуваат уметнички ракотворби. Даваат приредби на разни настани и концерти по ограноците пред нивните колеги. **Во пензионерската асоцијација секој ден се случува нешто, и сето тоа волонтерски со голем ентузијазам, со што помага полесно да го поднесуваат товарот на годините.**



Но за жал пензионерскиот живот има и друга страна. За овие десет години, стандардот на корисниците на пензија опадна за 4,8 отсто. Просечните пензии на сите корисници на пензија во однос на просечните плати во државата изнесуваат само 59,2 додека во 1996 година изнесуваа 64 проценти.

**По донесувањето на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, на крајот од 1993 година со измени и дополнување на Законот, укинати се голем број веќе стекнати права:** Во 1994 година се намалија пензиите за 8 отсто и со промена на начинот на усогласување на пензиите, наместо, како што е пропишано со Законот за ПИОМ, пензиите да растат еднакво со процентот на порастот на просечната плата во Републиката, со неуставниот Закон за исплата на плати и пензии беше воведен систем на усогласување на пензиите според индексот на порастот на трошоците на животот во претходниот месец намален за 2,5 индексни поени, а пензиите повисоки од две просечни пензии исплатени во претходниот месец со усогласија со 70 отсто од правото на "пониските" пензии. Намалените пензии за 8 отсто и покрај децидноста на Одлуката на Уставниот суд кој оцени дека Законот е неуставен и разликите да се враќаат од јануари 1995 година, со овој процент, пензиите се зголемија дури во јули 1997 година, а од септември 2000 година почна исплатата и тоа на 58 рати. Долгот конечно се исплати во април 2004 година ,но не се пресмета вообичаената камата. Врховниот суд во неговата пресуда го задолжи ФПИОМ, со објавувањето на Одлуката на УС, да ги запре натамошните последици. Цели 12 месеци пензиите се усогласуваа наместо со 33 отсто со 11, односно 16 отсто.

Овие показатели документирано и образложени му беа доставени на ФПИОМ и на Владата со барање "обештетувањето" по овие основи да се изврши на рати, односно на начин што би продолжила исплатата на разликата по основ на долгот и по први април 2004 година. Исплатата на оваа разлика би се исплаќала трајно, а тоа нема да трае долго со оглед на годините на корисниците на пензија кои во декември 1993 година имале статус на пензионери. Ниту ФПИОМ ниту пак Владата се произнесоа по ова барање.

И другите измени на ЗПИОМ имаа рестриктивен карактер: со Закон: се укина правото на К-15, како и правото на регрес за користење на бањско-климатски лекувања и правото на бесплатно примање на пензии преку доставувачите на поштата,клубовите и домовите на пензионерите му се пренесоа на управување на Фондот иако најголемиот број здруженија на пензионерите имаа валидна документација за сопственоста на овие објекти: Посебно со промена на системот на усогласување на пензиите, се усогласуваат по два основа за 40 отсто од индексот на порастот на трошоците на живот во претходното шестмесечие и за 20 отсто од просечно исплатената плата во државата: се укина правото на ослободување од плаќање на партиципација за лекови од позитивната листа и за болничко лекување за постарите пензионери од 65 години.

Поради сите овие рестрикции на стекнатите права на пензионерите нивната реална куповна моќ опадна за над 14 отсто. Оваа констатација ја утврдил УО на ФПИОМ во неговиот извештај за работата во 2004 и во 2005 година.Така на пример, просечната пензија во однос на просечната плата во државата во 1993 година изнесува 73,4 отсто од просечната плата, а во 2005 година само 59,2 отсто.

За сите овие рестриктивни мерки на правата на пензионерите, СЗПМ поднесе иницијатива без ефект.

Извршниот одбор на СЗПМ поднесе иницијатива до надлежните органи, со закон да пропише обврска за стручната служба на ФПИОМ да врши задршка од пензиите во согласност со пензионерите, за солидарните фондови за отпремнина. И оваа иницијатива немаше подобра среќа од претходните.

Бројот на иницијативите до пратениците се зголеми со уште една со која СЗПМ бараа со Закон да се пропише, во органите на управување со ФПИОМ да се избираат:од Сојузот на синдикатите или Одборот на работодавачите 5 члена и 4 члена по предлог на пензионерите. И оваа иницијатива не се реализира.

Од регистрираниве случаи може да се констатира дека СЗПМ во овој изминат период, а особено во последниве години, беше преокупирана со остварување на целите, пропишани со Статутот на Сојузот - заштита и унапредување на правата на корисниците на пензија. **Впрочем здруженијата на пензионерите се здружуваат во Сојуз за поефикасна заштита на правата на пензионерите слично на нивните помлади колеги-работниците што се организираат во синдикатот. Пензионерите се резервниот состав на синдикатите,а во немал број земји пензионерите се организирани во синдикат, за поефикасна заштита на нивните права од страна на државата. Синдикатот е социјален партнер со Владата и работодавачите затоа и со неодамна потпишаниот „Меморандум за разбирање" со Владата, е предвидено сите барања на пензионерите претходно да ги разгледува заедничкаа работна група составена од претставници на Владата и на СЗПМ.**

**Пензионерите очекуваат новиот состав на Владата да ги респектира преземените обврски од Меморандумот - зашто тие се оправдани и оваа популација на пензионери тоа го заслужуваат.** Се уште се живи пензионерите кои учествуваа во Народно ослободителната и антифашистичката војна на Македонија кои ја создадоа македонската држава. Сегашните генерации пензионери за нивниот работен век, делејќи и од устите на нивните деца, создаваа материјална основа на земјата. Тие денес живеат во уверување дека речиси ништо од посоченото не се признава и се на маргините од општеството. За време на парламентарните избори во 1998, 2002 и последниве во 2006 СЗПМ бараше од политичките партии, на кандидатските листи за пратеници да внесат и пензионери кои ќе послужат како "лоби група" за поддршка на нивните иницијативи кои се оправдани.

Во СЗПМ во последната декада може да се оцени како позитивен дострел подобрувањето на информирањето на членовите на здруженијата на пензионерите преку зголемување на бројот на здруженијата кои издаваат повремени билтени и друг вид информации, користење на електронските медиуми за пошироко информирање на членството. На ниво на Сојузот на почеток на 2005 година во весникот "Нова Македонија" еднаш месечно излегува подлисток со наслов "Пензионерски видици" кој служи за пошироко информирање на активностите на Сојузот и на здруженијата, како и за актуелности од работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување. Во 2005 година започна да се емитува секоја недела пред пладне во траење од еден час емисијата "Трета доба" на Македонската телевизија.

И двете форми на информирање кај пензионерите се добро примени и придонесуваат за пошироко запознавање со актуелностите од работата на здруженијата на пензионерите, но и со актуелности од областа на заштитата и унапредувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Регистрираниве примери во овој осврт, уште еднаш потврдуваат дека во последниве години од шестдецениското постоење на пензионерското "движење" тоа било оптоварено со голем број проблеми, пред се за создавање услови за достоен живот на генерациите на сегашната пензионерска популација.

За жал, овој јубилеј на пензионерската организација, пензионерите ќе го одбележат незадоволни, со чувството на маргинализација од општеството, зашто над 8 отсто од вкупниот број корисници на пензија примаат до 3.900 денари пензија. 44 отсто примаат до 6.000, а само 18 отсто имаат над 10.000 денари. Нема повисока пензија од 27.000 денари, а неа ја примаат само 543 пензионери.

**Душко Шурбановски,
претседател на СЗПМ**

Од историјата на пензионерското организирање

# Перманентен растеж

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија годинава ја одбележува 60-годишнината од постоењето.

Во октомври 1946 година, во Република Македонија беше донесен првиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување, кога веднаш по тоа, беа пензионирани првите работници - пензионери во Републиката.

До тогаш, во Македонија имало многу мал број на пензионери, зашто и тие што се здобиле со овој статус, биле прилично занемарлива бројка. Така, како што веќе е познато, се водела во Кралска Југославија строго селективна политика при вработувањето.

Од Македонија (до тогаш Вардарска бановина) требало да се активираат што помалку службени лица, за што до последно спроведување на политиката на денационализација на дело.

Според тоа, и покрај тоа што е донесен првиот Закон во октомври 1946 година, тој едноставно останал незабележителен, бидејќи оскудните стручни кадри кои веќе биле уште способни или оспособени за работа присилно биле задржувани на работа во родните места или биле распредлувани во внатрешноста на земјата, каде што биле најпотребни.

Првиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, навистина, претставува мошне значаен настап за вработените. Посебно значење на овој законски текст е до толку побитно, бидејќи веќе стасаните граѓани за заминување во пензија, дотогаш никогаш не плаќале придонес за пензиско и инвалидско осигување, поради што тие биле препуштени сами на себе да го завршат својот животен век во голема и неизвесна сиромаштија, зашто парични резерви за овој дел од животот, тешко се обезбедувале.

Првиот никулец на пензионирање на работници во Македонија во 1946 година, заедно со донесување на првиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, претставува основа на првото самоорганизирање на пензионерите на Македонија, се разбира, со полна поддршка и нагласен интерес и грижа на тогаш веќе Единствени синдикати на Македонија.

Годината 1947 за пензионерите на Македонија беше практично првата целосна година во која, исто така, беше првиот позабележителен прилив на новите пензионери, кои веќе со полно право го стекнале тој статус. До толку повеќе, што сега пензискиот систем стана неприкосновено право на сите работници и службеници на кои, со одреден број на години на живот, а со тоа со опаднатата работна способност им се отвораше патот за одење на заслужен одмор.

Бројот на првите пензионирани работници, од една страна, се намалуваше, бидејќи во земјата се чувствуваше голем недостиг од работна сила и дури едноставно, се вршеше организирана мобилизација, меѓутоа, во исто време, се зголемуваше бројот на оние работници кои едвај чекаа да си заминат во пензија. Во една таква, на прв поглед, контроверзна положба, сепак, на крајот од 1947 година, ќе бидат евидентирани близу 500 пензионери. Тоа е веќе значителна бројка со која ќе мора да се калкулира како околу редовна исплата на пензиите, така и за нивно пензионерско организирање, се разбира, во своја пензионерска организација.

Пензионерите во Македонија, чиј број сепак растеше, генерално земено, беше под цврстата закрила на Синдикатите на Македонија. Се јавуваа повеќе спонтано и првите никулци за самоорганизирање,како еден вид самостојна организација. Меѓутоа, таа и таквата организација беше по правило инспирирана според програмските активности на Синдикатот. Сите актуелни прашања со кои биле преокупирани пензионерите, биле систематизирани, порано изнесени и протолкувани ,




како најсуштински прашања. Меѓутоа, крајниот исход сепак бил под социјална заштита на Синдикатите.

Пензионерите, како членови организирани на своја организација, која се наоѓала целосно под заштита на Синдикатите, се бореле што поправедно и поредовно да ги користат некои од неприкосновените права, како што биле, на пример:

- Користење на правото за повластено патувњае во државните превозни средства;
- Прашањето за заштита на здравјето и здравствената положба;
- Испраќање на годишни одмори во синдикалните одморалишта и тоа по мошне поволни услови;
- Усогласување на пензиите со порастот на платите на вработените;
- Решавање или ублажување на нерешените станбени прашања на пензионерите;
- За редовно снабдување на пензионерите;
- За градење.практика, пензионерите да бидат повикани во своите работни организации кога се прикажуваат годишните биланси од работењето и друго.

Во рамките на синдикалните форуми имаше формирано компетентни комисии за прашањата на пензионерите и пензискиот систем. Тие имаа одделни специфични програми според кои беа решавани и третирани специфичните прашања и проблеми што катадневно ги тиштат пензионерите. Сосема логично, во ссоставот на овие комисии беа најмногу застапени самите пензионери.

Сепак, во овие повоени години, во слободна, а во поново време од 1990 година и во независна, суверена и самостојна држава Република Македонија, израсна пензионерска организација, самостојна во своето дејствување, како организирана сила во заштита на предвидените права утврдени со закон, околу редовната исплата на пензиите, усогласувањето на пензиите со порастот на платите на вработените, развивање разни спортски и културни активности, постојано зголемување на обемот на меѓународната соработка, пред се и над се на европско рамниште, со цел, и во оваа област на севкупно дејствување, рационално да се користат европските искуства, кои биле и ќе останат побогати и по содржина и по облик на работа, со поголеми европски пензионерски традиции и слично.

Во досегашниот приказ за движење на бројот на пензионерите во Република Македонија, може да се констатира дека иницијалната бројка на пензионери навистина била симболична. Како стопански најзаостаната Република во тогашната заедничка југословенска федерација, таа реална состојба изразена преку вкупниот број на пензионери во 1950 година, имала 3.750 пензионери.

Бројот на пензионерите во Македонија има и некои специфични белези и соодветни карактеристики, кои сите заедно, даваат еден одраз и слика на нивото на стопанскиот развој. Бројот на пензионерите како своевиден и егзактен показател, недвојбено покажува, дека е тој навистина симболичен.

До колку таа стапка биде споредувана со стапката на порастот на вкупниот број на вработените ќе биде видлива една нагласена диспропорција. Така, ако оваа стапка се спореди со бројот на вработените, ќе се види дека е присутен еден расчекор, кој би можел да се објасни со фактот, дека вработените биле испраќани во пензија со мошне тешко прибрани податоци за утврдување на работниот стаж. Вработеноста во овој период се зголемувала со висока стапка на вработување. Оваа тенденција била оправдувана со големите напори што ги барала индустријализацијата и електрификацијата на земјата.

Најдобар показател на оваа состојба најрељефно може да се согледа од првите базни податоци. Така, на крајот од 1950 година, бројот на пензионерите изнесувал:

| | |
|---|---|
| а) Старосни пензионери | 1.318 |
| б) Инвалидски пензионери | 995 |
| в) Семејни пензионери | 1.423 |
| Вкупно: | 3.735 |

Веке во 1960 имало 15.321, во 1970 - 51.5371980 84.948, во 1990 - 166.224, во 2001 - 247.208 и во 2006 година 274.000 пензионери.

**(Акценти од книгата „Македонските пензионери денес“ на м-р Вите Исјановски, почесен претседател на СЗПМ).**

Спортски натпревари и игри во 2006

# Во духот на спортувањето и дружењето



Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, традиционално секоја година, организира спортски натпревари на сите нивоа:општински, регионални и републички.

Оваа година, како и изминатите десетина години, беа организирани општинските и регионалните пензионерски спортски натпревари во девет дисциплини и тоа: шах, домино, табла, пикадо, скок од место, трчање, фрлање ѓуле, стрелање и тегнење јаже.

Неодамна завршија регионалните спортските натпревари во сите осум региони. На овие натпревари учествуваа спортисти и навивачи околу 4.200 пензионери. Најдобрите во сите дисциплини се пласираа за републичките пензионерски спортски натпревари, што ќе се одржат на 9 септември 2006 година во А.К. Крани на брегот на Преспанското Езеро. Вкупниот број спортисти што ќе се натпреваруваат изнесува 351, од кои 192 мажи и 159 жени.

Спортистите кои освоиле прво, второ и трето место на регионалните спортски натпревари, добија благодарници, пофалници или пехари, во зависност како одлучил домаќинот на регионот.

На Републичките пензионерски нтпревари на победниците во сите дисциплини им се доделуваат медали и тоа за освоено прво место златна медала, за второ место сребрена и за трето место бронзена медала.

Како победник во сите дисциплини Републичката комисија за спорт го прогласува најдоброто здружение на пензионерите, според критериумите содржани во правилникот.



Покрај овие натпревари, постојат и други средби меѓу здруженија на пензионерите, меѓу регионите, излети, екскурзии, разни посети на значајни културни споменици. Со други зборови има многубројни форми со цел да се овозможи рекреација на пензионерите.





Посебно треба да се нагласи дека спортот и другите форми за рекреација се повод, целта е пензионерите да излезат од дома, да ја разбијат монотонијата да се разонодуваат, меѓусебно да се запознаат, да се дружат, да се забавуваат, да спортуваат, да пешачат, да играат, да пеат, да се смеат. Значи има многу форми и начини за рекреација на пензионерите, што е нивна духовна храна. Сето тоа е и многу корисно и на некој начин го забавува стареењето. Секој пензионер треба да знае дека духот никогаш не застарува.



Сојузот на здруженијата на пензионерите очекува Републичките натпревари фер и коректни односи на натпреварувачите за освојување на што поголем број на медали. Очекуваме масовно присуство на навивачи со цел да ги бодрат нивните натпреварувачи.



Во наредниот период се очекува Сојузот и здружението на пензионерите, да го зголемат бројот на спортските дисциплини, а ќе се бараат и други форми на дружење за што подобра рекреација на пензионерите.

**Андон Марковски**
**потпретседател на СЗПМ**

# Пензионерите пеат, музицираат и играат



Кога во 2003 година размислувавме за организирање, односно покренување на одредени активности во областа на културно-забавни и рекреативни жанрови какви се фолклорот, песната и музиката не се занесуваме со создавање на некаква традиција. Од тогаш изминува веќе четврта година па еве, помислуваме дека сепак сме ставиле основи на една своевидна традиција.

Првата ревија на која учествуваа само девет здруженија доби оценка каква може да се посака; односно многу успешна. Тоа не охрабри да продолжиме. Се множеше бројот на учесниците, здруженијата, а уште повеќе бројот на директните учесници изведувачи. Се создаваа првите играорни и пеачки групи, хорови, музички групи и бендови, солисти пеачи и инструменталисти, па дури и културно уметнички секции и конечно културно-уметнички друштва. Сето тоа покажа и докажа дека статусот пензионер и напредната возраст, односно , период “трето доба“ или староста не значат и крај на бавење со играње, пеење, и свирење. Не е збор само за желба, која, впрочем, живее и трае заедно со човечкиот век. Па така, мнозина меѓу нас пензионерите сеуште во најразлични прилики и поводи не само што сакаат да почувствуваат песна, музика и игра, туку и сами создаваат и репродуцираат. Но, за ова повеќе во друга прилика.

Годинашниве регионални средби одржани во Свети Николе, Велес и Гостивар уште еднаш го потврдија напред кажаното. Видлива е желбата повеќе здруженија да земат учество. Се зголемува и бројот на изведувачите. Прилив на нови заинтересирани е се поголем. Скоро во сите здруженија делуваат повеќе ентузијасти, стручни лица како инструктори, диригенти, кореографи, инстументалисти, играорци и пејачи. Годинава се чувствуваше и поголема шареноликост на програмите и понудените програми, па и поголема и подобра организираност и подготвеност, подобра хомогеност, хармоничност, усогласеност. Организираното занимавање со вакви активности годинава потврди дека пензионерите можат да дадатчи поголем квалитет.




Напред кажаното на своевиден начин е потврда на она што го очекуваме како активности од извонредно значење за пензионерите. Пред се, можат да се занимаваат на организиран начин со дејности кои им причинуваат задоволство, можат постигнатото да го презентираат пред други-свои колеги, сограѓани и други заинтересирани, можат да се изразат како изведувачи на добра музика, игра и песна, да оживеат многу младешки желби и неодискажани лични можности или истите да ги потврдат. Кај многумина беше видлив ентузијазмот, жарта, љубовта и готовноста да се исполни посебна “нумера“ и за тоа да се добие заслужена потврда преку пофалба и признание на гледачите, слушачите и организаторите на вакви јавни настапи. И, конечно, сето ова значи своевиден придонес и разубавување на пензионерскиот живот.



Во септември не очекуваат две меѓурегионални средби на нашите фолклористи, пејачи и музичари. Тоа се практично две републички приредби. Преку нив се овозможува настап на сите пријавени здруженија. Така во Струмица на 22 септември ќе настапат изведувчи од здруженијата Берово, Виница, Делчево, Злетово, Кочани, Кратово, Лозово, Македонска Каменица, Ново Село, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип. Во Прилеп на 29 септември ќе настапат исполнители од Богданци, Валандово, Велес, Гази Баба, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Карпош, Кисела Вода, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Тетово и Центар.

Очекуваме и овие две врвни ревијални приредби да завршат со успех и на општо задоволство на учесниците, гледачите и организаторите. Се очекува со вакви активности да се продолжи и во наредната, па и во наредите години. Сигурно ќе се зголеми масовноста што е и основната поента и посакувана содржина, а може да се оствари и подигање на квалитетот на изведувањето на содржините како и поголема разноликост на истата. Заради сето тоа нетреба да се жалат трудот и средствата.

**Чедо Георгиевски,**
**секретар на СЗПМ**




## ВО ПОСЕТА НА...

Здружението на пензионери во Кавадарци

# Програмските задачи успешно остварени


Илија Пемов

Во Здруженијата на пензионерите во Македонија се одржуваат изборни собранија, на кои се сумираат резултатите од изминатиот четиригодишен период, се избираат новите органи и се усвојуваат Програми за активности во наредните четири години. Едно од првите здруженија што одржа отчетно-изборно собрание беше Здружението на пензионерите во Кавадарци, кое во изминатиот четиригодишен мандат успешно ги оствари програмските задачи. За нов претседател на Собранието беше избран д-р Живко Поповски, а за претседател на Извршниот одбор повторно беше избран Илија Пемов,како резултат на досегашната успешна работа. За нов член на Собранието на на СЗПМ беше избран Панчо Грков, досегашен претседател на Собранието .


Нов модерен клуб на пензионери во Кавадарци

Потсетувајќи се на изборното собрание, што се одржа на 23 јуни, претседателот на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите во Кавадарци **Илија Пемов** истакна дека во дебатата се потенцирани успесите во сите области на работењето и делувањето. Оваа здружение неколку години по ред е најдобро во регионот во рамките на спортот, а беше успешен домаќин на Осмите републички пензионерски спортски натпревари во 2003 година. Забележителни резултати се постигнати и на културно-забавно поле, во одморот и рекреацијата на пензионерите и друго. Во оваа здружение членуваат 4.730 старосни и семејни пензионери што живеат во општините Кавадарци и Росоман. Дејствуваат 13 ограноци, 8 во градот и 5 во населени места, кои имаат избрано нови одбори од по пет члена и ќе се настојува тие да имаат што поголема активност. Во Кавадарци има два клуба на пензионери кои работат цел ден, потоа во Ваташа што е реновиран и во Росоман. Клубовите, вели Пемов, работат успешно,тоа се убави собиралишта на пензионерите во кои се дружат, договараат, натпреваруваат и информираат. Тоа особено може да се каже за новиот современ клуб во Кавадарци, што беше отворен минатата година. Утврдувајќи ја корисноста од ваквото пензионерско организирање со локалната самоуправа се прават напори да се отвори клуб и во селото Сопот, каде живеат голем број пензионери, а се наметнува потреба за уште еден клуб во Кавадарци. Овде се настојува да се отвори и регионален Дом за стари лица, а за што има голема потреба. Постојат погодни објекти и локации за ова намена, а има и поддршка од пензионерите од Гевгелија, Богданци, Валандово и Неготино. Има размислување, доколку се обезбедат финасиски и други услови, да се отворат сопствени објекти за одмор на пензионерите на планината Кожув и на брегот на “Тиквешкото езеро“. Здружението активно учествува во одбележувњаето на историски настани и датуми, вели **Панчо Грков**, а во знак на целокупната активност Здружението го доби високото општинско признание “Плакета 7 Септември“ за 2005 година како најдобра невладина организцација. Ова признание предизвика големо задоволство кај сите пензионери и претставуваше голем поттик да се продолжи поинтезивно и помасовно во реализацијата на зацртаните програмски задачи.Со најразовидни активности се истакнува и Активот на жени-пензионерки, нагласи претседателката **Фруска Костадиновска**.



Се настојуваше пензионерките слободното време да го минуваат организирано со вклучување во активностите од областа на културата, екологијата, здравството, спортот и рекреацијата. Пејачката група во период од три години забележа успешни резултати преку бројни јавни истапи, на регионални ревии, на манифестацијата “Пензионерите пеат“ и други. Остварени се и хуманитарни акции со посета на осамени пензионерки со ниски пензии и на ученици со пречки во развој во Основното училиште “Страшо Пинџур“. Пензионерките од Кавадарци се вклучени и во стопанско-туристичката манифестација “Тиквешки гроздобер“ со подготовка на традиционални десерти од грозје и шира.Со една ваква активност, констатира **Илија Пемов**, пензионерките заслужено станаа и дел од раководните структури на здружението, бидејќи за прв пат во Собранието има 6 жени, од кои едната е избрана за потпретседател, а две членки се избрани за членови на Извршниот одбор, од кои една за потпретседателка.Се очекуваат и нови форми во активности на здружението.




**Драги Аргировски**

МОЗАИК

# Пензионерски дружења со историјата

Денот на двата Илиндена на македонскиот народ 2 август, пензионерите од Македонија достојно го одбележаа, со посети на Крушево и на Меморијалниот центар на АСНОМ во Пелинце кај Куманово, а се огрнаизирани и други посети на историски места во нашата земја.

На одбележувањето на празникот на Мечкин камен, зборуваше претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски, истакнувајќи дека е немерливо значењето на Илинденската епопеја за сите нас.



Делегација на Сојузот на здруженијата на пензиоенрите на Македонија во состав: Андон Марковкси, потпретседател на СЗПМ, Крсто Стојановски, претседател на Здружението на пензионерите на Крушево и Никола Николовски, член на Извршниот одбор на СЗПМ, положи свежо цвеќе на моштите од претседателот на Крушевската Република Никола Карев кај споменикот Илинден на Гумење, а потоа и на споменикот кај Мечкин Камен.

Во чест на 103 годишнината од Илинденското востание, одделни пензионерски групи од Крушево и околните места учествуваа и на научно-културните средби "Десет дена Крушевска Република".

Државниот празник беше прославен и во Пелинце, во близина на манастирот Прохор Пчински, каде пред 62 години се одржа Првото заседание на АСНОМ. На пригодната свеченост во Пелинце зборуваше новиот претседател на Собранието на РМ Љубиша Георгиевски кој укажа на нераскинливото историско значење дека без Илинден 1903 немаше да го имаме Илинден 1944 година, а без овој немаше да дојдеме и до третиот.

Здружението на пензионерите од Куманово огрнаизираше и еднодневен пензионерски викенд, на кој присуствуваа повеќе пензионери од нашата земја. Впрочем, Пелинце со својата живописна околина покрај бистрата река Пчиња пружа прекрасни можности за одмор и рекреација.

Д.Арг.



Десетта седница на Собранието на Здружението на пензионерите Карпош – Скопје

## Позитивно работење

Во Скопје, на 18 август, се одржа десетта седница на Собранието на Здружението, на која се разгледа и усвои информацијата за остварување на финасискиот план на организацијата и на Солидарниот фонд за периодот јануари-јуни 2006 година.

На седницата, со која раководеше претседателот на Собранието на Здружението на пензионерите Драгомир Пановкси, беше прифатена оценката на Извршниот одбор што ја образложи претседателот Неделко Трајановски, дека и во овој период продолжило успешното работење на најбројното пензионерско здружение во нашата земја. Здружението остварило остаток на средствата, а продолжува добро да работи и Солидарниот фонд.

Во рамките на подготовките за изборно-програмска седница, беше донесена одлука за утврдување на бројот на членови-претставници на ограноци за состав на новото собрание на здружението. Во девет ограноци во населбите Карпош, Владо Тасевски, Тафталиџе, Козле, Ѓорче Петров, Даме Груев и Кондово ќе се изберат 39 членови. Во дискусијата беше изнесена потребата и од зголемување на бројот на ограноците, со што ќе се овозможи понепосредно учество во активностите и во одлучувањето на поголем број пензионери,

Д.А.

Пчеларството хоби за пензионерите

# Пчелата е наш природен доктор

Старата поговорка вели дека дарбата, креативноста и умешноста се привилегија за сите оние што ја имаат. Кога го велиме ова пред се мислиме на пензионерите Блага и Антонио Неделковски, кои својот пензионерски живот му го посветиле на пчеларството и притоа постигнале одлични резултати во производството на мед и при своето истражување откриле многу негови вредности од областа на здравството.

Ги пронајдовме на нивниот пчеларник во селото Стојаково во близина на Богданци каде како гердан се наредени 150 пчелни сандуци, а околу нив медоносни дрвја и цветови, толку потребни за пчелите.

Веднаш ни ставија на знаење дека пчелите им се најголемата љубов и кога не би се занимавале со пчеларството,животот би им станал досаден. Ова е и нормално ако се има предвид дека Блага и Антонио со пчеларство се занимаваат околу четириесет години.

Овој брачен пар на речиси сите досега одржани семинари за производство на мед на поранените ЈУ простори и по осамостојувањето на Македонија се добитници на десетина златни плакети за квалитетен мед како и други награди.

Пчелата е природен доктор на човекот, но со современиот начин на живеење, човекот ја злоупотребува, пред се и поради тоа што на пчелата и е потребна природна и здрава околина, односно цветен прав со сите биолошки елементи за оплодување и множење на пчелите, вели Антонио.

За жал нашиот несериозен однос кон човековата околина му нанесува голема штета на пчеларството, а се забележани и несовесни пчелари што го стимулираат производството со недозволени средства.

Инаку, квалитетниот мед Блага и Антонио го добиваат благодарение на нивната мала плантажа со разновидни медоносни дрвја и цвеќе. Посебно тоа се однесува на кинеското дрво Еводија како и на вишни, јаболки, круши а посебно јапонското јаболко, што овозможува производство на повеќе мед,кој е извонреден за луѓето со срцеви болести.



Ги имаме и кивите и јагодите од кои за време на нивниот цвет се произведува мед за стимулирање на човековиот организам со што 180 брачни парови добиле деца и тоа во Македонија, Бугарија, Германија и Австралија. Меѓутоа, како што наглсија Неделкови, пчеларството опаѓа, пред се поради тоа што ги нема површините со сусам,сончоглед, памук, а посебен проблем се површините со пластеници.

Поради тоа, иако пред многу години од нашите сандаци годишно вадевме по 4.000 килограми мед, сега количините се целосно преполовени со тенденција на натамошно опаѓање.

Т. Кусеников

ШТИП

# Активност на културно поле

Во рамките на "Штипско културно лето" хорот "Пензионер" од Штип одржа едночасовен концерт во У.Г. "Безистен", при што старограцската песна под диригенство на Стојан Поп Димитров прозвучи солидно, предизвикувајќи овации кај многубројната штипска публика.

Беа изведени 15 точки и тоа 6 хорски песни, две песни со машка пејачка група и 7 солиситчки песни.

- Убава е иницијативата на раководството на Здружението на пензионерите во Штип што го обнови хорот и пејачката група со што значително ќе се придонесе да не останат во заборав старогradските изворни песни, велат граѓаните, а посебно за поздравување е зафатот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со организирање регионални и републички ревии на песни, игри и музика, што веќе станува традиција. Со тоа пензионерите со својот ентузијазам, со зрелост и мудрост, даваат придонес во пулсирање на кутлурното живеење во градот под Исарот и во цела Македонија.

Секако, додека срцето чувствува потреба да пее, да твори и да создава вредности, пензионерите можат успешно да им пркосат на времето. Ехото на нивната песна и музика станува се посилно.

Цвета Спасикова



